НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
NATIONAL SWIMMING FEDERATION

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 03-94/1
15.09 2020 год.
СКОПЈЕ

До:

- Претседател на Влада на Република Северна Македонија, г-дин Зоран Заев
- Советник за спорт во Влада на Република Северна Македонија, г-дин Даниел Димовски

**ИЗВЕСТУВАЊЕ И БАРАЊЕ ИТНО РЕШЕНИЕ**

Почитувани,

Би сакале да ве известиме за суштински проблем кој се случува во пливањето за време на светска пандемија со вирусот КОВИД-19.

Имено дел од пливачки клубови а кои во суштина се најдобрите и најголемите пливачки клубови од Република Северна Македонија со најголем број на репрезентативци и успеси на меѓународен план како и клубови со огромна бројка на деца кои активно се занимаваат со пливање се соочуваат со егзистенционален проблем и покрај одличните државни мерки за спас на спортот кои беа донесени во услови кога започна пандемијата.

По објавената одлука за финансиска помош на спортски клубови - Мерка за финаниска подршка за спортски клубови кои учествуваа во систем на натпревари во млади категории, Националната пливачка федерација аплицираше со 16 клуба при што во одлуката во службен весник од страна на Агенцијата за млади и спорт ( АМС ) беа прифатени сите 16.

По информација од страна на Агенцијата за млади и спорт дека средставта ќе се префрлат преку Градскиот пливачки сојуз Скопје ( ГПС ) , се обративме до истите со допис бр. 03-68/1 од 12.06.2020 година каде се наведуваат сите генералии на сите клубови апликанти за кој е донесена одлука за префрлање на средствата а воедно побаравме средствата да се префрлат на клубовите веднаш се со цел ефикасно користење на средствата од страна на клубовите кои имаа значителни проблеми за плаќање на обврски во услови кога не работеа базените и самите клубови.

Од страна на градскиот пливачки сојуз доставен е допис по елктронски пат на ден 07.07.2020 година приемен број 03-74/2 од 07.07.2020 година дека Управниот одбор на Градскиот пливачки сојуз одржал редовна седница за што одлучил дека врз база на договрот потпишан помеѓу АМС и ГПС треба да се обезбедат следните документи (прилог)

Од старана на Националната Пливачка Федерација доставен е допис бр 03-75/1 од 09.07.2020 година дека клубовите не прифаќаат такво членство во ГПС, а посебно не некое измилсено прудружно членство кое го нема ниту како такви предвидено со Статутот на ГПС. ( прилог статут).

Би сакале да напоменеме дека во статутот на ГПС како орган не постои управен одбор туку извршен одбор кој го сочинуваат претседател, генерал секретар, правник и економист.

Исто така не постои член од статутот кој го регилира придружното членство во сојузот ниту пак претседателот има мандат и право да прима нови членови без одлука на собранието.

*Конт. адреса: Сала КК Работнички, Градски Парк, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија тел +389 78 386 236; +389 70 27 97 34; e-mail: aleksandarf@yahoo.com swimmkd_b@hotmail.com*

*www.pfm.org.mk*

Scanned with CamScanner

Најголемите и најдобри клубови од последните две државни првенства упорно се уценувани од страна на здружение кое самостојно е наречено Градски пливачки сојуз иако во него не членуваат најголемите пливачки клубови кои доаѓаат токму од градот Скопје.

Ве молиме да го разгледате ова наше барање и помогнете во префрлањето на средствата на местата за каде се наменети а тоа се најголемите и најдобри спортските клубови без да бидат уценувани за членство во замислен градски пливачки сојуз кој како таков не е препознаен ниту од клубовите а ниту пак од самата Национална Пливачка Федерација на Северна Македонија.

Искрено се надеваме дека ќе реагирате брзо и ефикасно бидејќи се работи за нашите најголеми клубови кои успешно долги години ја презентираат нашата држава во странство, а ние како федерација сме немоќни самостојно да го решиме овој неразбирлив проблем.

Прилог:

- Допис до ГПС бр. 03-68/1 од 12.06.2020
- Одгвор по електронскипат на ГПС заверен кај нас 03-74/2 од 07.07.2020
- Допис до ГПС 03-75/1 од09.07.2020 година

Контакт Лица од Градски пливачки сојуз:

Фарук Омераѓиќ - претседател на ГПС: 076 612 589
Маниќ Александар – генерален секретар на ГПС : 070 217 337

Со почит,

Национална пливачка федерација

15.09.2020

Претседател

М-р. Александар Филипчев

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
Скопје



Scanned with CamScanner